***Друштво за ревизија и консалтинг***
***"ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА"***
***ДОО СКОПЈЕ***

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2010 ГОДИНА

**Март 2011 година**

**Изготвен и објавен (www.evropskicentarzarevizija.com.mk) врз основа на член 35 од Законот за ревизија („Службен весник на РМ" 158/2010)**

# Содржина:

1. Правна структура и сопственост на друштвото за ревизија;
2. Професионална мрежа и правните структурни аранжмани;
3. Управувачката структура на друштвото за ревизија;
4. Внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија, ефективност и функционирање;
5. Датум на извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот, согласно со членот 20 од законот за ревизија;
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија, во текот на претходната година;
7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија, интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и нивното спроведување;
8. Политика што ја следи друштвото за ревизија во претходната година;
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци;
10. Основата според која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

**ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА ДОО - Скопје**

ул.”Мит.Теодосиј Гологанов” бр.39/2, 1000 Скопје, Жиро сметка: 270 00000 1047293, ИК БАНКА Скопје Даночен број: МК 4030005574146 тел/факс: 02/3215-327; 3215-328

Друштвото за ревизија „ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА” ДОО Скопје, согласно одредбите од член 35 од Законот за ревизија ("Службен весник на РМ", 158/2010), за финансиската 2010 година, го објавува следниов:

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ**
**ЗА ГОДИНАТА 2010**

## 1. Правна структура и сопственост

“ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА” ДОО Скопје, има добиено трајна дозвола за работа од Министерството за финансии на 16.11.2005 година под бр.11-29748/1.

“ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА” ДОО Скопје е регистриран како ДОО од основачите: Весна Пехчевска од Берово, ул.”Паруца” бр.6/2-16 и Зоран Пешовски од Скопје ул.”Дурмиторска” бр.27Б Скопје. Согласно член 24 од Законот за ревизија во друштвото се вработени 2 овластени ревизори:

- дипл.екк. Весна Пехчевска, Уверение бр.07-24342/1 од 12.02.2004 година;
- дипл.екк. Зоран Пешовски, Уверение бр.07-9734/1 од 15.06.2004 година.

Друштвото има склучено осигурување со осигурителна компанија за осигурување на дејноста и ги покрива можните евентуални штети нанесени на клиентите, со тоа друштвото во целост ги исполнува барањата за издавање дозвола за работа, определена со одредбите од член 17 од Законот за ревизија.

## 2. Професионална мрежа и правни и структурни аранжмани во мрежа

Професионалната мрежа и поврзаност на “ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА” ДОО Скопје е на преден план со Институтот за овластени ревизори на Р.Македонија и неговите тела и комисии во кој покрај ревизорската куќа членови се и овластените ревизори. “ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА” ДОО Скопје спрема овој Институт ги исполнува редовно сите статутарни обврски. Покрај оваа, постојат и договори за соработка со квалитетни квалификувани надворешни лица.

Друштвото нема склучено договори за членство или договори за исклучиво право на застапување на интересите на меѓународна ревизорска мрежа.

## 3. Управувачка структура

Во друштвото има вкупно 8 лица вработени од кои 2 овластени ревизори-дипломирани економисти, 1 магистер по економски науки, 2 дипломирани економисти, 2 лица со ВСС и 1 лице со ССС.

Управувачката структура на ревизорската куќа е таква што со нејзе раководи управителот Ромео Костадинов.

Весна Пехчевска и Зоран Пешовски се ангажирани како раководители на ревизија, Магдица Костадинова, Јулија Минковска и Јованка Стојчевска се ангажирани во повеќе проекти на ревизија.

## 4. Систем на контрола на квалитет

Меѓународните ревизорски стандарди, кодексот на етика на професионалните сметководители, и одредбите од Законот за ревизија се основите за вршење на ревизија. Усогласеноста на извештаите со Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните сметководствени стандарди, утврдени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (IASB) се појдовна точка при проверката на усогласеноста на финансиските извештаи кај трговските друштва, со наведените стандарди.

За субјектите кои што имаат определена сметководствена рамка, различна од претходно наведената, се врши проверка и усогласеност на извештаите со така дефинираната рамка.

Внатрешната контрола на квалитетот на ревизијата се спроведува преку доследно придржување на овластените ревизори кон политиките и процедурите за контрола на квалитетот, што ги има донесено оваа ревизорска куќа, започнувајќи од писмото за ангажирање, планирање и извршување на ревизијата, па заклучно со изготвувањето и поднесувањето на ревизорскиот извештај.

Контролата врз работата на ревизија на финансиски извештаи се спроведува од страна на управителот. Друштвото е во подготовка и имплементација на ревизорски софтвер кој ќе овозможи зголемена контрола на работата на ревизорските тимови.

Управителот на "ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА" ДОО Скопје користи и соодветни квалификувани надворешни лица.

Покрај овие мерки контролата на квалитетот, односно квалитетот на ревизијата се обезбедува и преку самоконтрола и доследно почитување на етиката на професионалните сметководители што меѓудругото се прави и со потпишување на изјава на персоналот на ревизорската куќа за морална и кривична одговорност на ревизорот во случај на необезбеден квалитет во ревизорските постапки.

Континуиранаta едукација на овластените ревизори се врши индивидуално во континуитет, со следење и реализација на Програмата за едукација, што ја спроведува Институтот за овластени ревизори.

## 5. Последен датум на проверка за уверување во квалитетот на ревизорот

Последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, е спроведена во Ноември 2010 година.

## 6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во 2010 година:

| Ред.бр. | Назив на субјекти на ревизија |
|---|---|
| 1. | Алфа Копи ДОО Скопје |
| 2. | Цуспис ДООЕЛ Скопје |
| 3. | Велес Табак АД Велес |
| 4. | Аленко Транс ДООЕЛ Гостивар |
| 5. | ЗБ ИПП ДООЕЛ Скопје |
| 6. | Виа Финанце ДООЕЛ Скопје |
| 7. | Вигом Гоце ДООЕЛ Скопје |
| 8. | Жикол ДООЕЛ Струмица |
| 9. | Хелматекс АД Струмица |
| 10. | Максима ДОО Штип |
| 11. | Мобилити Брокер АД Скопје |
| 12. | Монтенегро ДОО Гостивар |
| 13. | Наше Осигурување АД Кочани |
| 14. | НЦАБ Македонија АД Прилеп |
| 15. | ОСД Кирил ДООЕЛ Скопје |
| 16. | Петрол Компани ДОО Тетово |
| 17. | ИМП Солета Виолета ДОО Скопје |
| 18. | Телефонмонтажа Комерц АД Скопје |
| 19. | Уни-Стил Компани ДООЕЛ Скопје |
| 20. | Вработување Лизинг Скопје |
| 21. | Зденка ДООЕЛ Неготино |
| 22. | Жито Леб АД Охрид |
| 23. | Жито Леб Комерц Охрид |
| 24. | Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид |
| 25. | Централен Регистар на РМ |
| 26. | Даути Комерц АД Скопје |
| 27. | Еуро Медиа ДОО Скопје |

| | |
|---|---|
| 28. | Кодинг ДООЕЛ Скопје |
| 29. | ЈП Македонија Пат АД Скопје |
| 30. | ЈП Улици и Патишта Скопје |
| 31. | Промес ДОО Скопје |
| 32. | Проект Аронија |
| 33. | Гордон Универзал ДОО Скопје |
| 34. | Еин Соф ДООЕЛ Скопје |
| 35. | КИТ ГО ДООЕЛ Штип |
| 36. | ЕЛКА ДООЕЛ Скопје |
| 37. | Зона Трико ДООЕЛ Виница |

## 7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија

Друштвото усвои интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста. Вработените во друштвото, неговите надворешни соработници и ангажираните надворешни стручни лица имаат потпишано изјави за независност преку што се изврши спроведување на интерните процедури.

## 8. Изјава за политиката на друштвото

Целта на друштвото е воспоставување, спроведување, одржување и следење на систем за контрола на квалитет, кој обезбедува разумно убедување дека друштвото и персоналот работат во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет – МСКК1 “Контрола за квалитет на фирми кои спроведуваат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани на уверување и поврзани услуги и дека извештаите за ангажманите на друштвата се соодветни со приликите.

## 9. Финансиски информации

Вкупниот приход за 2010 година на “ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА” ДОО Скопје е остварен по следниве основи:

**(во илјади денари)**

| Р.бр. | ВИД НА ПРИХОД | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Ревизија на годишни и консолидирани сметки | **2.902** |
| 2 | Дополнителни услуги на уверување во квалитет | / |
| 3 | Даночни советодавни услуги | / |
| 4 | Други неревизорски услуги | **911** |
| | **Вкупно** | **3.813** |

# 10. Хонорар на овластениот ревизор

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува од основата на потрошеното време на ревизорскиот ангажман.

**Скопје, 29.03.2011 година**

**Европски Центар за Ревизија**
**ДОО Скопје**

